РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-133/13
22.06 2023 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став 10 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21, 294/21, 236/21 и 65/23) и член 20д од Законот за вработените во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр. 27/14,199/14, 27/16, 35/18,198/19,143/19 и 14/20) Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово во врска со објавениот интерен оглас, објавен на 22.06.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати за унапредување по пат на интерен оглас

1. За извршител на работното место **СО30303А04007 – Самостоен стручен службеник- правник** во Службата за услуги од социјална заштита – еден (1) извршител во ЈУ Центар за социјална работа Кратово се избира кандидатот Димитар Атанасовски.
2. За извршител на работното место **СО30303А04020 – Водител на случај- социјален работник** во Службата за услуги од социјална заштита – еден (1) извршител во ЈУ Центар за социјална работа Кратово се избира кандидатот Иванка Митевска.
3. Избраните кандидати ќе бидат унапредени на работното место од точка еден и точка два, по конечноста на оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на утврдената потреба со одлука бр. 04/133од 13.06.2023 година за пополнување на слободни работни места во установата со унапредување на два (2) извршители по пат на објавување на интерен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии, ЈУ Центар за социјална работа Кратово објави интерен оглас на 13.06.2023 година на огласна табла на установата како и на интернет страната на институцијата за унапредување на еден извршител за работното место Самостоен стручен службеник- правник во Службата за услуги од социјална заштита во ЈУ Центар за социјална работа Кратово и еден извршител за работното место Водител на случај- социјален работник во Службата за услуги од социјална заштита во ЈУ Центар за социјална работа Кратово.

Во врска со објавениот интерен оглас Директорот формира Комисија за унапредување на два даватели на јавна услуга по пат на интерен оглас со Решение бр. 04-133/6 од 14.06.2023 година заради проверка на веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите и спроведување на интервју.

Комисијата за унапредување, по спроведената постапка за веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите и интервјуто состави Записник бр. 04-133/9од 16.06 2023 година по извршена административна селекција и Записник бр. 04-133/10од 21.06 2023 година по постапка за селекција интервју.

По спроведената постапка за проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите од интерниот оглас и интервјуто, Комисијата изготви ранг-листа на кандидати бр. 04-133/11од 21.06.2023 година и истите ги достави на Директорот.

Врз основа на на ранг-листата и предлогот, Директорот изврши избор на два кандидати за унапредување како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука кандидатите имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Решението да се достави до:
-досие за евиденција
-кандидат
-архива

**ЈУ Центар за социјална работа Кратово**
**Директор**
Невенка Јованоска

ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Република Северна Македонија
КРАТОВО